## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - ПРАКТИКУМ" ОД АСИСТЕНТ Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1102-43/19 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доцент д-р Љупчо Сотироски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– вонреден професор д-р Јован Ананиев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за да изготви извештај - рецензија на приложениот ракопис **„НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - ПРАКТИКУМ"** од **асистент д-р Ана Никодиновска-Крстевска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Практикумот под наслов **„Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – практикум"** од асистент **д-р Ана Никодиновска-Крстевска** ќе се користи како учебно помагало по предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика, предвиден во VI семестар како задолжителен предмет на прв циклус на студиската програма Применета политика и дипломатија при Правен факултет, со неделен фонд на часови 3+2+2, со 8 ЕКТС. Практикумот е во согласност со Наставната програма на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Ракописот содржи вкупно 110 страници компјутерски отчукан текст во B5 формат. Практикумот претставува систематизирана и конзистентна целина, која се состои од: ВОВЕД, ДОКУМЕНТ БР. 1, Консолидирана верзија на Договорот за Европска унија; ДОКУМЕНТ БР. 2, Декларација број 13, за заедничка надворешна и безбедносна политика од консолидираната верзија на Лисабонскиот договор; ДОКУМЕНТ БР. 3, Декларација број 14, за заедничката надворешна и безбедносна политика од консолидираната верзија на Лисабонскиот договор; ДОКУМЕНТ БР. 4, *Laeken Declaration on the Future of the European Union* (Presidency Conclusions), 14 – 15 December 2001, Laeken; ДОКУМЕНТ БР. 5, European Security Strategy, *A Secure Europe in a Better World*, 12 December 2003, Brussels и БИБЛИОГРАФИЈА.

По обем и содржина, практикумот го задоволува бројот на часови предвидени за соодветниот предмет, како и соодветствува на критериумите утврдени во Правилникот за единствените основи за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Учебното помагало - практикум претставува збир на документи од областа на меѓународните односи и правото на Европската унија, кој според обемот и содржината предвидени за предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика досега не е објавуван на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во однос на содржината, во **воведниот дел** се дадени општи напомени за предметот на ова учебно помагало. Во **Документ бр. 1** е содржана консолидирана верзија на Договорот за Европска унија од 2009 г., во која се содржани основните начела за надворешно дејствување на Европската унија. Во **Документ бр. 2** е содржана Декларација број 13, за заедничка надворешна и безбедносна политика од консолидираната верзија на Лисабонскиот договор се

содржани клаузулите на земјите-членки со кои се дефинираат границите на надлежностите на Европската унија во однос на водењето на надворешната политика. Во **Документ бр. 3** е содржана Декларацијата број 14 за заедничката надворешна и безбедносна политика од консолидираната верзија на Лисабонскиот договор, во која се содржани клаузулите за дефинирање на надлежностите на Европската унија во однос на спроведувањето на нејзината надворешна безбедносна и одбранбена политика. Во **Документ бр.4** е содржана Декларацијата од Лаекен од 2001 год. за иднината на Европската унија (*Laeken Declaration on the Future of the European Union* (Presidency Conclusions), 14 – 15 December 2001, Laeken), во која се содржани насоките за дејствување на Европската унија во надворешната и безбедносна политика и во надворешната безбедносна и одбранбена политика на Унијата. И на крај, во **Документ бр. 5** е содржана Европската безбедносна стратегија од 2003 год. (European Security Strategy, *A Secure Europe in a Better World*, 12 December 2003, Brussels), која говори за стратегиската рамка на дејствување на Европската унија од областа на надворешната и безбедносна политика во претстојните години.

## З А К Л У Ч О К

Учебното помагало со наслов „Надворешна и безбедносна политика на Европската унија - практикум" претставува збирка на документи од областа на меѓународните односи и правото на Европска унија, што целосно одговара на потребите на студентите од прв циклус студии. Според содржината, обемот и структурата, овој практикум ќе им послужи на студентите на лесен и разбирлив начин да ја совладаат и да ја владеат материјата по предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика. Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип да го прифати позитивно рецензираниот извештај за ова учебно помагало - практикум со наслов „Надворешна и безбедносна политика на Европската унија - практикум" од асистент д-р Ана Никодиновска-Крстевска и да го одобри ракописот за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**